Врз основа на член 10 став 2 од Законот за лобирање („Службен Весник на Република Македонија" број 121/2021), Државната комисија за спречување на корупцијата (Државната комисија), постапувајќи по поднесена пријава за запишување во Регистарот на лобисти, лоби организации и лобирање (Регистарот) од физичкото лице Билјана Јованоска бр. 09-1964/1 од 14.05.2026 година, на 32 – та седница одржана на ден 22.05.2026 година го донесе следното :

## Р Е Ш Е Н И Е

Пријавата за запишување на лобист во Регистарот на лобисти, лоби организации и лобирање бр. 09-1964/1 од 14.05.2026 година поднесена од физичкото лице Билјана Јованоска, **СЕ УВАЖУВА.**

Во Регистарот на лобисти, лоби организации и лобирање се запишува како лобист лицето Билјана Јованоска, ЕМБГ ___________, ул. „___________" бр. _________ Скопје.
Лобистот се регистрира за вршење лобирање во областа:

- ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Запишувањето на лобистот во Регистарот да се изврши на денот на донесување на ова решение.

Ова решение стапува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија за спречување на корупцијата преку електронската платформа https://lobisti.dksk.mk, доставена е Пријава за запишување во Регистарот на лобисти, лоби организации и лобирање бр. 09-1964/1 од 14.05.2026 година на физичкото лице Билјана Јованоска.

Согласно член 10 став (1) од Законот за лобирање, Државната комисија ја провери потполноста на пријавата и утврди дека пријавата ги содржи сите потребни податоци и прилози и тоа:

- Пријава – пополнета и потпишана од физичкото лице Билјана Јованоска;

- Фотокопија од лична карта на физичкото лице Билјана Јованоска;
- Потпишана изјава од физичкото лице Билјана Јованоска, како лице кое се пријавува за лобист, а со која изјава потврдува непостоење на ограничувањата за вршење на лобирање.

По извршена проверка на потполноста на пријавата и проверка на исполнетоста на условите од членовите 6 и 7 од Законот за лобирање, а со оглед на тоа што на подносителот не му е суспендирано правото на повторно запишување во Регистарот (подносителот се запишува за прв пат во Регистарот), Државната комисија утврди дека се исполнети сите законски услови за запишување на физичкото лице Билјана Јованоска како лобист во Регистарот на лобисти, лоби организации и лобирање.

Согласно горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Заменик претседател,**

**Софија Спасова Медарска**

Изготвил: К.З., раководител на сектор

Да се достави до:
- подносителот